ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ

# ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

## 1. Дефиниции

- **Банка** - Шпаркасе Банка АД Скопје, со седиште: Ул. Васил Иљоски бр. 14, 1000 Скопје, матичен број: 4558669 (регистрирана во Централен Регистар на Република Северна Македонија), даночен број: 4030993261735, број на сметка: 250000000000111, свифт адреса: INSBMK22, веб-сајт: www.sparkasse.mk, е-пошта: contact@sparkasse.mk, телефон за контакт: 02/ 15 050,
  Надлежен орган за надзор на Банката е Народната Банка на Република Северна Македонија, Платни системи во кои учествува Банката– КИБС, МИПС, Visa и Mastercard.
- **Општи правила и услови** - Општите правила и услови за издавање и користење на кредитни платежни картички за физички лица издадени од Шпаркасе Банка АД Скопје, во понатамошниот текст Општи услови;
- **Договор** – Договор за издавање и користење на кредитна картичка;
- **Платежна картичка** - е вид на платен инструмент кој му овозможува на плаќачот да иницира трансакција со дебитна или кредитна картичка и којшто може да се користи од имателот за плаќање на стоки и услуги и/или за повлекување и/или внесување готовина;
- **Корисник на платежни услуги** е физичко или правно лице кое користи платежна услуга во својство на плаќач или примач или во двете својства;
- **Кредитна картичка** – Основна или дополнителна платежна картичка поврзана со кредитна партија;
- **Кредитна партија** – сметка во Банката на која се води одобрениот револвинг кредит и на која се прикажува состојбата и промените;
- **Кредитен лимит** – Вкупен износ на одобрен револвинг кредит кој Банката го одобрува на Корисникот на основната картичка;

- **Одобрен кредитен лимит** – определен договорен износ во висина на кој корисникот на картичката може да ја користи кредитната картичка за плаќање и подигнување на готовина;
- **Искористен кредитен лимит** – износот на сите плаќања, подигнувања и други платежни операции со картичката, вклучувајќи ги и надоместоците и провизиите по нив;
- **Расположлив кредитен лимит** е износот на одобрениот кредитен лимит во МКД, намален за потрошените износи резервираните средства за авторизирани, а неискнижени трансакции и расположив за користење после исплатата на минималната месечна рата
- **Корисник на основна картичка** – Корисник на основна картичка е лицето сопственик на кредитната партија поврзана со платежната картичка и чие име е напишано на кредитната платежна картичка;
- **Корисник на дополнителна картичка** – Корисник на дополнителна картичка е лицето чие име е напишано на платежната картичка издадена на барање и со овластување на корисникот на основната картичка;
- **Платежна сметка** – Платежна сметка отворена кај Банката на која се евидентираат сите уплати и исплати и од која Банката ги наплатува провизиите, надоместоците и каматите кои настануваат со користењето на основната и дополнителните картички;
- **Картична платежна шема** - (анг. payment card scheme) - Единствен збир на правила, практики, стандарди и/или упатства за извршување на платежни трансакции засновани на картичка, договорени меѓу давателите на платежните услуги, а коишто се одвоени од каква било инфраструктура или платен систем што би ја поддржувале нејзината работа и коишто вклучуваат определен орган на одлучување, организација или субјект, што ја носат одговорноста за функционирањето на шемата;
- **Авторизација** - Постапка со која се проверува дали корисникот на платежни услуги или давателот на платежни услуги има право да извршува определени дејствија;
- **Дневен лимит -** износ на средства, број на трансакции и максимален износ на трансакција кои Корисникот на картичката може да ги користи дневно, во трговија или готовина. Дневниот лимит може да се промени врз основа на поднесено Барање од клиентот во експозитурите на Банката или со јавување во Контакт Центарот на Банката на 02/15050;
- **Трошоци** - сите трансакции, камати и провизии кои настанале со користење на основната или дополнителната платежна картичка во земјата и странство, без разлика на домицилната валута и се изразуваат во денари.
- **Банкомат** - електромеханички уред којшто им овозможува на овластените корисници да повлечат готовина од сметки и/или им обезбедува пристап кон други услуги;
- **POS** – Уред поставен кај трговците, физички или виртуелен, служи за прифаќање на платежни картички издадени од Банката или друга Банка со цел плаќање на стоките или услугите;
- **POS кеш адванс** – Уред поставен на банкарските шалтери во експозитурите на Банката кој служи за прифаќање на платежни картички со цел подигнување на готовина;

- **Интернет продажно место** – Продажно место кое овозможува продажба на стоки или услуги на интернет;
- **PIN** – таен личен идентификационен број на корисникот на картичката кој служи како идентификација при користењето на платежната картичка на банкомат или POS;
- **Обезбедување** – меница, депозит, жирант или друго обезбедување побарано од Банката кое и овозможува на Банката да ги наплати своите побарувања по основ на одобрениот револвинг кредит во случај на нередовно подмирување на обврските од страна на Корисникот;
- **Плаќање на рати** – функционалност овозможена на кредитните платежни картички кај трговци кои имаат потпишано Договор за POS терминали со функционалност плаќање на рати со Банката;
- **Плаќање на еднакви рати –** Visa рата – можност за поделба на рати трансакциите над 2.000 мкд направени на било кој POS терминал во земјата или странство;
- **Бесконтактна картичка** – платежна картичка која поседува технички карактеристики како и останатите картички (магнетна лента и чип) и има дополнителен конектор во вид на вградена антена преку која се остварува контактот со POS терминалот. Бесконтактна картичка која ја издава Банката е MasterCard Standard, MasterCard Gold, Master Card Platinum, VISA Classic, VISA - рата, VISA Gold картичката и VISA AMSM CoBranded Card;
- **Бесконтактен POS терминал** – POS терминал кој има функционалност за извршување на бесконтактни трансакции;
- Платежна трансакција со кредитна картичка - е платежна трансакција заснована на картичка, каде што износот на трансакцијата, делумно или целосно, се задолжува од плаќачот, на однапред договорен датум во месецот, врз основа на посебен договор за расположлив кредит склучен меѓу давателот на платежни услуги и корисникот на платежни услуги со кој се утврдува дали, со која стапка и на кој начин ќе се пресметува и наплатува камата за позајмениот износ.
- **Бесконтактна трансакција** – трансакција за чие извршување бесконтактната картичката само се доближува до POS терминалот, без нејзино инсертирање или провлекување во POS терминалот, при што нема потреба од авторизација на трансакцијата со PIN и/или авторизација со личен потпис. Бесконтактните трансакции се во висина до лимит одреден од Банката или до лимит поставен на POS терминалот кој прифаќа бесконтактни трансакции.
- **Работен ден** – ден на кој давателот на платежни услуги на плаќачот или давателот на платежни услуги на примачот вклучен во извршување на платежна трансакција е отворен за работа како би се овозможило извршување на платежната трансакција, односно период утврден со правилата за работа на платниот систем и системот за порамнување на хартии од вредност кој ги опфаќа сите настани за време на работниот циклус на овие системи, независно во кој период од денот и ноќта се случуваат порамнувањата.
- **Пресметковен период** – периодот за време на кој сите плаќања или подигнувања на готовина, вклучувајќи ги и провизиите за трансакции, се одразуваат како обврска

на корисникот на картичката. Пресметковниот период опфаќа период на искористување на износи до одобрениот кредитен лимит, пресметано од првиот до последниот ден во тековниот календарски месец, со исклучок на првиот период, кој е со рок од датумот на настапување на правото за користење на платежната картичката до последниот ден во месецот;

- **Датум на плаќање** – краен датум до кој корисникот на платежната картичката е должен да ја исплати целата обврска. За краен датум се смета секој 12-ти / 15-ти во месецот.

Сите гореспоменати термини може да бидат употребени во еднина, множина или членувана форма без притоа да го изгубат дефинираното значење.

## 2. Опис на документот

**1. Општи одредби**

1.1. Банката издава на Корисниците кредитни платежни картички од брендовите Visa и MasterCard.

Правата и обврските на Корисникот на кредитна платежна картичка (во понатамошниот текст: Корисник) и Шпаркасе Банка АД Скопје (во понатамошниот текст: Банка) се регулираат со Договор за издавање и користење на кредитна картичка и овие Општи правила и услови за издавање и користење на кредитни картички за физички лица (во понатамошниот текст: Општи услови) кои се составен дел на Рамковниот договор за користење на платежни услуги.

Корисникот гарантира за целосноста и точноста за наведените податоци и веродостојноста на приложените документи со Барањето.

1.2. Кредитната платежната картичка (во понатамошен текст: картичка) е сопственост на Банката, на чие барање мора да биде вратена; гласи на име на Корисникот и не е преносива на друго лице.

1.3. MasterCard Standard, MasterCard Gold, MasterCard Platinum, VISA Classic, VISA - рата, VISA Gold и VISA AMSM CoBranded Card картичките се кредитни картички, можат да се користат во земјата и странство, до износот на лимит кој го одредува Банката. Висината на кредитниот лимит се одредува согласно интерните акти на Банката.

1.4. Картичката се користи на места каде е истакнат знакот на MasterCard/ VISA.

**2. Издавање на картичка**

2.1. Картичката ја издава Банката врз основа на пополнето и потпишано Барање.

2.2. Картичката може да се издаде на полнолетно физичко лице со постојано место на живеење во Република Северна Македонија.

2.3. Критериумите за издавање на картичката ги пропишува Банката.

2.4. Банката има право да ги провери податоците и да собере дополнителни информации кои се однесуваат на подносителот на Барањето. Одлуката за издавање на картичка ја донесува Банката, без обврска за образложување на таквата одлука.

2.5. Банката гарантира за тајност за сите податоци кои ќе ги добие од Корисникот.

2.6. Корисникот на кредитната партија е Корисник на основната картичка и ја сноси целокупната одговорност за трошоците настанати со основната картичка.
2.7. На барање на Корисникот на основната картичка, Банката може да издаде дополнителна картичка на лица кои Корисникот на основната картичка ќе ги наведе во Барањето, и во тој случај Корисникот на основната и наведените лица (Корисник на дополнителна картичка) неограничено и солидарно ја сносат целокупната одговорност во случај на користење на дополнителна картичка.
2.8. На корисникот се дава картичката и PIN (персонален идентификувачки број). Обврска на Корисникот е да ја потпише картичката, веднаш по подигнувањето. Непотпишаната картичка е неважечка, а евентуалните финансиски последици, во случај на злоупотреба со непотпишана картичка ги сноси Корисникот. Корисникот е обврзан да го чува PIN бројот во тајност, одвоено од картичката, како би се заштитил од злоупотреба на картичката. Корисникот на основната картичка ја подигнува својата картичка и PIN бројот. Овластеното лице (Корисник на дополнителна картичка) ја подигнува дополнителната картичка и нејзиниот PIN број.
2.9. Со подигнувањето на картичката и нејзино користење настануваат правни последици од договорниот однос настанати со потпишување на Договорот.
2.10. При издавањето на картичката, сметката на Корисникот на основната картичка може да се задолжи за износ на име издавање на картичка и провизија за месечно одржување, според важечката Одлука за надоместоци на Банката.
2.11. Во случај на премислување за превземање на одобрена картичка, потврдена во писмена форма, Корисникот на основната картичка е должен да ги надокнади трошоците за издавање на картичката, а Банката има обврска да ги врати средствата за членарина.
2.12. Корисникот доставува инструменти за обезбедување определени согласно интерните акти на Банката.
2.13. Рокот за изработка на картичките е максимум 18 (осумнаесет) работни денови. 2.14. На корисникот се дава картичката и PIN број (персонален идентификувачки број). Обврска на Корисникот е да ја потпише картичката веднаш по подигнувањето. Корисникот е обврзан да го чува PIN бројот во тајност, одвоено од картичката, како би се заштитил од злоупотреба на картичката. Корисникот на основната картичка ја подигнува/добива својата картичка и PIN бројот. Овластеното лице (Корисник на дополнителна картичка) ја подигнува/добива дополнителната картичка и нејзиниот PIN број.
Корисникот не смее да го кажува PIN-от, да го запишува на картичката или на други документи, по приемот должен е истиот да го запомни и веднаш да го уништи пликот во кој се наоѓа PIN-от или да ја избрише SMS пораката во која се наоѓа PIN-от .
Настаната штета од непочитување на претходно наведеното и евентуалната злоупотреба на картичката и PIN-от е на товар на Корисникот.

**3. Рок на важење на картичката**

3.1. Рокот на важење на картичката е втиснат на самата картичка и истекува на последниот ден од наведениот месец.
3.2. Во случај ако Корисникот не достави писмено барање за да го откаже користењето на картичката најкасно во рок од 30 (триесет) дена пред истекот на рокот на важење на картичката, а ја користи во согласност со одредбите на Општите услови и ги исполнува

условите за давање на кредитна картичка, истата се обновува со нов рок на важење. Доколку корисникот не поднесе такво барање, Банката му издава на Корисникот на картичката  и/или Корисникот на дополнителната картичка нова картичка со нов број и нов рок на траење од 3 (три) години, а PIN-от останува ист (Pin-от не се менува).
3.3. Картичка чиј рок на важност е изминат не смее да се користи и истата треба да се уништи со пресекување на чипот и магнетната лента.

**4. Користење на картичката**

Кредитниот лимит може да биде користен единствено со посредство на картичката, секаде каде што е истакнат знакот на MasterCard/VISA, за плаќање на стоки и услуги, за подигнување на готовина од банкомат и од шалтер, за плаќање на стоки и услуги по интернет на доставувачот, ако тие или банката која ги нуди услугите е сертифицирана од MasterCard International Inc/ VISA Inc за извршување на такви плаќања: за резервации на авионски билети, хотели, рент-а-кар.

**4.1. Користење на картичката за плаќање на стоки и услуги преку POS терминал**

4.1.1. При користење на картичката за безготовинско плаќање на продажните места (POS) авторизацијата на трансакцијата се врши со внесување на PIN код и/или авторизација со личен потпис на потврдата за купопродажба (слип) доколку истото е побарано на местото на трансакцијата. Потписот треба да биде идентичен со потписот на задната страна на картичката.
Еден примерок од потпишаниот документ Корисникот на основната картичка односно ополномоштеното лице на дополнителната картичка го задржува кај себе за своја евиденција и евентуална рекламација.
Корисникот не смее да го кажува својот PIN број на трговецот или на друго лице.
PIN-кодот кој е внесен (втипкан) и проверен на банкомат или POS терминалот и/или потписот на корисникот на картичката  се исклучива и неспорна потврда за извршената трансакција, врз основа на која Банката ја задолжува неговата сметка за износот на извршената трансакција.
4.1.2.При плаќање на стоки и услуги преку бесконтактен POS терминал во Р.С. Македонија со Mastercard бесконтактни картички доколку износот на поединечна трансакција е до 2.000 (две илјади) денари трансакцијата се извршува без внесување на PIN број. За износи над 2.000 (две илјади)  денари клиентот е потребно да го внесе својот PIN број на POS терминалот.
При плаќање на стоки и услуги преку бесконтактен POS терминал со Visa бесконтактна картичка доколку износот на поединечна трансакција е до 2.500 (две илјади и петстотини) денари трансакцијата се извршува без внесување на PIN број. За износи над 2.500 (две илјади и петстотини) денари клиентот е потребно да го внесе својот PIN број на POS терминалот.
Лимитот за бесконтактни трансакции е јавно објавен на web страната на Банката и истиот може да биде променет само по одлука на Банката.
Доколку корисник на MasterCard Standard, MasterCard Gold, MasterCard Platinum и/или VISA Classic, VISA – рата VISA Gold и VISA AMSM CoBranded Card картичката направи бесконтактна трансакција на POS терминал надвор од Р.С. Македонија тогаш износот до

кој трансакцијата се спроведува без PIN е различен за секоја земја, истиот е дефиниран од страна на картичната организација MasterCard или Visa на ниво на земја.
4.1.3. Корисникот не смее да ја дава картичката како средство за обезбедување на плаќање.
4.1.4 Корисникот не смее да ја користи картичката за набавка на стоки и/или користење на услуги чии промет е забранет со закон.

**4.2. Користење на картичката за плаќање на рати на стоки и услуги преку POS терминал од Банката**
4.2.1. Плаќањето на рати е функционалност овозможена на кредитните картички кај трговци кои имаат потпишано Договор за POS терминали со функционалност плаќање на рати со Банката. Со избор за делење на трансакцијата на рати согласно утврдениот износ на трансакција и број на рати Корисникот се согласува Банката да го задолжува секој месец за износот на една рата. Износот на ратата се добива кога износот на трансакцијата ќе се подели со вкупниот број на рати. За трансакциите на рати Банката не пресметува редовна камата.
**4.3. Користење на VISA-рата картичката за плаќање на стоки и услуги преку POS терминал**

*Плаќање на еднакви месечни рати за трансакции над 2.000 МКД (две илјади денари)*

На Корисникот на картичката му се овозможува плаќање на еднакви месечни рати без камата за минимален износ на трансакција во висина над 2.000 МКД (две илјади денари) направени на ПОС терминали во земјата или во странство вклучувајќи ги и он-лине трансакциите. За трансакциите над 2.000 МКД (две илјади денари) Банката ќе пресмета провизија согласно Тарифата на банката за физички лица која ќе се подели и засмета во месечните рати за предметната трансакција.
Трансакциите направени на АТМ не се сметаат за подобни трансакции за поделба на рати и истите се со револвинг концепт.
Висината на провизијата и бројот на рати на кој ќе биде поделен износот се определува согласно висината износот на трансакцијата како следи:

| Износ на трансакција | | Број на рати |
|---|---|---|
| од | До | |
| 2.001 МКД | 10.000 МКД | 3 |
| 10.001 МКД | 15.000 МКД | 4 |
| 15.001 МКД | 20.000 МКД | 5 |
| 20.001 МКД | - | 6 |

Износот на трансакцијата за плаќање на рати мора да е во рамки на расположливиот кредитен лимит, а ратите достасуваат како фиксни износи за плаќање, без камата, секој месец и се вклучуваат во месечната рата. Доколку износот на трансакцијата за плаќање на рати е во висина на вкупниот расположлив кредитен лимит и нема доволно средства за наплата на провизијата за плаќање на рати, Банката ќе ја задолжи сметката/партијата на

Корисникот на картичка за износот на провизијата за плаќање на рати и истатата ќе биде наплатена штом има расположливи средства.

**4.4. Користење на картичката за подигнување на готовина**

4.4.1. Со картичката може да се подигнува готовина на банкомати - на Банката и на банкоматите и шалтерите на другите банки на кои има ознака MasterCard/ VISA.

4.4.2. При подигнување на готовина, Корисникот се идентификува со внесување на PIN бројот. Бројот на неуспешни обиди за внес на PIN бројот е ограничен на три. После третиот неуспешен обид банкоматот ја задржува картичката. При исплата на готовина од шалтерите на други банки, Корисникот има обврска на барање на шалтерскиот работник да приложи лична карта или пасош.

4.4.3. За подигнување на готовина на банкоматите и исплатата на шалтерите на Банките следува провизија за чиј износ се задолжува сметката на Корисникот Корисникот според важечката Одлука за тарифи на Банката.

4.4.4. Банката може да го ограничи дневниот, неделниот и друг периодичен лимит за подигнување на готовина или употреба на POS терминали кај трговците.

4.4.5. Електронскиот запис на банкоматите претставува доказ за извршена трансакција.

**4.5. Други начини на користење на картичката**

4.5.1. Корисникот може да ја користи својата картичка и за плаќања преку Интернет. За трансакции на интернет не е потребно користење на PIN-кодот на картичката. Идентификацијата на корисникот на картичката се врши преку внес на дополнителен заштитен код (CVV2), кој е еднаков на последните 3 (три) цифри на панелот за потпис на задната страна на картичката. Како дополнителна заштита за одредени плаќања се користи и еднократна лозинка која корисникот ја добива преку СМС порака на мобилен телефон.

4.5.2. Корисникот мора да има во предвид дека користењето на картичката без нејзино присуство, односно при вршење на телефонска нарачка или на интернет, е ризично.

4.5.3 Целокупната штета настаната со користење на картичката, на начин наведен во точка 4.5.2. ја сноси Корисникот.

**4.6. Лимити на картичката**

4.6.1. Сите облици на користење на картичката мораат да бидат во рамките на лимитите.

4.6.2. Во периодот кога Корисникот на основната картичка има неподмирени обврски кон Банката, расположливото салдо на картичката е нула.

Корисникот на картичката е должен да ги почитува поединечните индивидуални, дневни и вкупни лимити за употреба на картичката за користење во MasterCard/VISA системот, за кои е информиран при подигнувањето на картичката. Стандардни дневни лимити во моментот на склучување на Договорот користени во земјата и во странство за подигнување на готовина од банкомат и за плакање на POS терминали и како и вкупните дневни лимити се дадени во табелата подолу соодветно по тип на картичка:

| Тип на картичка / лимит | Лимит АТМ | Лимит POS | Интернет лимит | Вкупен Дневен лимит |
|---|---|---|---|---|
| MasterCard Standard револвинг | 60.000 МКД | 100.000 МКД | 100.000 МКД | 160.000 МКД |
| MasterCard Gold | 200.000 МКД | 300.000 МКД | 300.000 МКД | 500.000 МКД |
| MasterCard Platinum | 250.000 МКД | 500.000 МКД | 500.000 МКД | 750.000 МКД |

| Тип на картичка / лимит | Лимит АТМ | Лимит POS | Интернет лимит | Вкупен Дневен лимит |
|---|---|---|---|---|
| Visa Classic | 60.000 МКД | 150.000 МКД | 150.000 МКД | 150.000 МКД |
| Visa Рата | 60.000 МКД | 150.000 МКД | 150.000 МКД | 150.000 МКД |
| Visa Gold | 100.000 МКД | 300.000 МКД | 300.000 МКД | 300.000 МКД |
| VISA AMSM CoBranded Card | 60.000 МКД | 150.000 МКД | 150.000 МКД | 150.000 МКД |

Лимитот за интернет трансакциите е во рамки на висината на лимитот за POS трансакции. Лимитот за интернет трансакции не може да биде повисок од лимитот за трансакции на POS терминали.
За евентуални промени на наведените лимити Корисникот на картичката може да се обрати со писмено барање до Банката.
Збирот на дневните ограничувања не може да го надмине вкупниот кредитен лимит.
Банката го задржува правото за менување на дневните лимити (ограничувања) без обезбедување на дополнителна согласност од Корисникот.

**5. Плаќања**

*5.1. Овластување на корисникот*
5.1.1. Со потпишување на Договорот, Корисникот на основната картичка ја овластува Банката да ја задолжи кредитната партија за трошоците кои ќе настанат со користење на картичката. Под трошоци се подразбираат трансакциите, каматите и провизиите кои настанале со користење на основната или дополнителната картичка во земјата и странство, без разлика на домицилната валута и се изразуваат во денари.

*5.2. Плаќање на трошоци настанати со користење на картичката во странство*
5.2.1. Трошоците кои ќе настанат како резултат на користење на картичката во странство, без разлика на домицилната валута, се изразуваат во евра (ЕУР) и се конвертираат во денари (МКД) по продажен курс за девизи на Банката и за пресметаниот износ се задолжува кредитната партија на Корисникот.

5.3. Еднаш месечно Банката на Корисникот му доставува извод/ фактура за настанатите трошоци. Корисникот ќе го извршува плаќањето во определен период во месецот по систем на револвинг кредит, за што подетално е наведено во Договорот.
5.4. Информациите за достасаните трошоци настани врз основа на користење на основната и дополнителните картички од точка 5.1.1 Корисникот ги добива еднаш месечно врз основа на извод/ фактура. Доколку Корисникот не добие извод/ фактура, а имал

промени настанати со користење на картичката во предходниот месец, има обврска да се јави во Банката.
5.5. Банката има право, доколку Корисникот не ги подмири своите обврски во определен рок наведен во Договорот, без согласност на Корисникот, да ги пренесе средствата од било која сметка која ја поседува Корисникот во Банката, до висина на доспеаните обврски.
5.6. Доколку Корисникот не ги подмири обврските во наведениот рок во Договорот, Банката ќе направи забрана за понатамошно користење на картичката, а пред надлежните судови ќе покрене постапка за принудна наплата.

*5.7. Неподмирени обврски*

5.7.1. Доколку на кредитната партија нема покритие за трошоците настанати со користење на картичката во земјата и странство, или ако Корисникот го пречекорил расположливиот лимит, Банката автоматски ја блокира картичката, а Корисникот покрај главниот долг, должи и казнена камата во висина на референтна каматна стапка за пресметување на стапката на казнената камата зголемена за зголемена за законски дозволениот максимум од денот на доспевање до денот на целосна наплата. Стапката на казнена камата е променлива во зависност од промената на референтната камата за пресметка на казнена камата и позитивните прописи кои ја регулираат оваа област, при што Банката ќе пресметува и наплатува по највисоката законски дозволена висина на стапка во моментот на пресметката.. Пресметката на законска казнената камата се врши со примена на пропорционална метода.

5.7.2. Корисникот ја овластува Банката да сите доспеани а ненаплатени обврски, настанати со користење на картичката, ги наплати од било која сметка која Корисникот ја има во Банката.
5.7.3. Доколку Корисникот не ги подмири обврските во предвидениот рок, Банката ќе ја забрани понатамошната употреба на картичката, а пред надлежниот суд ќе покрене постапка за принудна наплата.

5.8. Побарувањата на Банката се исплаќаат по следниот ред: законска казнена камата, редовна камата, искористен износ по кредитниот лимит за претходни периоди, искористен износ по кредитниот лимит за тековниот период.
5.9. Секое плаќање на обврската по картичката, целосно или делумно во висина на минималната месечна рата, го обновува соодветниот расположлив дел од кредитниот лимит.
Износот на месечната минимална рата за плаќање е променлив согласно процедурите и политиката на Банката.

**6. Рекламации**
6.1. Корисникот има обврска да ја чува копијата од слипот за евентуална рекламација.

6.2. За евентуалните рекламации по извршените трансакции Корисникот доставува до Банката писмено барање, најкасно 20 (дваесет) дена од денот на добивање на изводот/ фактурата.
6.3. Согласно правилата на Mastercard, максималниот број на рекламирани трансакции по картичка се 15 трансакции, на ниво на Барање од корисникот. Согласно правилата на VISA, максималниот број на рекламирани трансакции по картичка се 35 трансакции на ниво на Барање од корисникот.
6.4. Рекламациите кои нема да бидат доставени на начин и рок наведен во точка 6.2. нема да се прифатат, а финансиските последици ги поднесува Корисникот.
6.5. Оспорувањето на трошоците не го одлага нивното намирување. Корисникот е должен да ги подмири вкупните трошоци без оглед на рекламациите. Доколку се покаже дека рекламацијата е основана Банката му го враќа оспорениот износ на Корисникот на картичката.
За рекламации кои согласно MasterCard/VISA правилата нема да бидат прифатени од страна на MasterCard/VISA системот, Банката ќе ги смета за неосновани и ќе наплати надомест за неосновано побарување (трошок за решавање на рекламација) од Корисникот на картичката, согласно Одлуката за надоместоци на Банката.
6.6. Рокот за решавање на рекламациите го одредува Банката во согласност со правилата на картичните организации MasterCard International и VISA International.
6.7. Во случај на неоправдана рекламација, Банката ќе ја задолжи кредитната партија и/или платежната/ите сметка/и на корисникот за настанатите трошоци според важечката Одлука за надоместоци на Банката. Во спротивно, Корисникот се ослободува од плаќање на трошоци, а за рекламираниот износ на трансакцијата доколку постои основ за поврат согласно правилата на картичките организации, се одобрува кредитната партија на Корисникот по завршетокот на постапката за рекламација.
6.8. За рекламации кои се однесуваат на квалитетот на купената роба или услуга, платени со оваа картичка, Корисникот се обраќа исклучиво на продавачот на робата односно давателот на услугата.
6.9. Банката не презема одговорност за стоката или услугата платена со картичката или неприфаќањето на картичката од страна на некое продажно место или банкомат. Сите рекламации, Корисникот на картичката ги решава непосредно на продажното место.

**7. Украдена / изгубена картичка**
7.1. Корисникот е обврзан да ја чува картичката и PIN кодот кој го добива со картичката.
7.2. Во случај на губење или кражба на картичката, или по добивање на сознание за извршени неавторизирани трансакции, Корисникот има обврска да во најкраток рок ја извести Банката во писмена форма со пополнување на соодветен образец на шалтерите на Банката или телефонски да го пријави губењето во Контакт Центарот на Банката на телефон 02/15050 кој е достапен 24/7 или во текот на работното време во експозитурите на Банката.
7.3. Банката има обврска да по приемот, усмен или писмен, на известувањето за губењето на картичката ја блокира истата.
7.4. Во случај на кражба, Корисникот има обврска да ја пријави кражбата во Банката и во најблиската станица на Министерството за внатрешни работи.

7.5. Корисникот ги сноси сите законски последици и одговорност за евентуално неовластено користење на картичката.
7.6. Вкупниот износ на штета која ќе настане до моментот на блокирање на картичката, како резултат на губење / кражба или друга злоупотреба на картичката или PIN-от, вклучувајќи ги и трошоците за блокирање и одземање на картичката, ги сноси Корисникот.

7.7. Во случај на губење, кражба или оштетување на основната или дополнителните картички, на барање на Корисникот, Банката издава нова картичка со нов број, при што доколку се издаде нова, основна картичка бројот на дополнителните картички не се менува. Во случај доколку се издаде нова дополнителната картичка на барање на Корисникот, бројот на основната картичка не се менува.
Трошоците за издавање на новата картичка, како резултат на губење / кражба на картичката или PIN-от ги сноси Корисникот на основната картичка.
7.8. Доколку Корисникот, после одреден период, ја пронајде пријавената картичката истата не смее да ја користи. Во спротивно, сноси законска одговорност за неовластено користење.

**8. Надоместоци, провизии и камати**
8.1. Сите надоместоци и провизии поврзани со користењето на платежните картички се наплатуваат според важечката Одлука за тарифи на Банката.
На Корисникот на картичката не му се пресметува камата на искористениот кредитниот лимит, ако го отплати целокупниот искористен кредитен лимит наведен во месечниот извод најдоцна до 12-ти (Visa) /15-ти (MasterCard) наредниот месец, за искористениот кредитен лимит во текот на претходниот месец.
На искористениот, а неподмирен износ најдоцна до 12-ти (VISA) /15-ти (MasterCard) наредниот месец од кредитниот лимит се пресметува камата сметано од првиот ден во месецот во следниот пресметковен период. Месечните обврски се засметуваат кумулативно, при што сите неподмирени обврски од претходниот месец се засметуваат во наредниот месец.
Редовната камата е променлива и истата е во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната Банка на Република Северна Македонија (референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнената камата), што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8% процентни поени, но не повисока од определената со Закон.
За износот на пресметаните надоместоци, провизии и камати се задолжува кредитната партија на корисникот или платежните /ите сметка/и.
8.2. Сите промени и дополнувања на Одлуката за надоместоци на Банката влијаат во однос на сегашниот договор од моментот на нивното објавување во достапните простории на Банката или на официјалната интернет страна на Банката, без претходно договарање меѓу страните. За сите промени и дополнувања на Тарифата за физички лица, корисникот на картичката/и корисниците на дополнителните картички ќе биде/ат известен/и 2 (два) месеци однапред за настанатата промена преку известувањето на начин опишан во член 10 став 1.

**9. Откажување на користење на картичка**

9.1. Банката и Корисникот на основната картичка можат да го откажат користењето на основната и дополнителната картичка. Доколку Корисникот на основната картичка го откаже користењето на картичката во истиот момент се откажува и користењето на дополнителната картичка. Доколку се откаже користењето само на дополнителната картичка од страна на носителот или пак Корисникот на основната картичка тогаш основната картичка продолжува да се користи.

9.2. Банката може да го одземе правото на користење на картичката без образложување, доколку Корисникот не се придржува на одредбите дефинирани во Општите услови.

9.3. Банката, другите Банки и продажни места имаат право да ја одземат картичката од Корисникот, на кого му е одземено правото на користење.

9.4. Корисникот на основната картичка може да го откаже користењето на картичката исклучиво по писмен пат, најдоцна 30 (триесет) дена пред истекот на важноста на картичката. Во спротивно, Корисникот ги поднесува сите трошоци за издавањето на обновената картичка.

9.5. Корисникот на основната картичка има обврска да ги подмири сите обврски настанати до денот на враќање на картичката, а во врска со користењето на основната и дополнителните картички. Сите евентуални надоместоци, провизии и камати кои произлегуваат од неподмирените обврски, ги сноси Корисникот на основната картичка.

**10. Останати одредби**

10.1. Банката преку месечниот извод, друг траен медиум или на некој друг дозволен начин го известува Корисникот на картичката, за промена на трошоците што се плаќаат пред зголемувањето да почне да се применува. Месечниот извод ги содржи следните податоци:

- Износ, дата и вид на извршена трансакција за време на пресметковниот период;
- Важечка каматна стапка, пресметана камата, провизија и трошоци што се наплаќаат;
- Минимална месечна рата;
- Краен датум за плаќање на обврските;
- Нова состојба и расположлив кредитен лимит;
- Период за кој се однесува извештајот;
- Состојба и датум на претходниот извештај;
- Вкупен долг.

Месечниот извод клиентот може да го добие по пошта, да го подигне во експозитурата или да го види и сними преку електронското банкарство.

## 3. Завршни одредби

а. Општите услови се објавени на официјалната веб страна на Банката www.sparkasse.mk и се достапни во експозитурите на Банката.

б. Банката го задржува правото на измена и дополнување на Општите услови. Корисникот е согласен Банката да ги применува измените. Ќе се смета дека корисникот ги прифатил предложените измени доколку пред датумот на примена на измените не ја извести Банката дека ги одбива истите.

в. На платежните услуги кои се предмет на Рамковниот договор се применуиваат одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи, Закон за девизното работење, Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, Законот за облигационите односи, Законот за заштита на личните податоци како и други важечки закони во Република Северна Македонија.

Доколку Корисникот на платежни услуги смета дека Банката не се придржува кон своите обврски за информирање во врска со платежни услуги, не ги исполнува своите обврски за давање на платежни услуги, односно не му овозмужување користење на платежни услуги согласно Рамковениот договор, Договорот за издавање и користење на кредитна картичка и ЗПУПС има право да поднесе приговор во писмена или електорнска форма до Банката.

Банката на Корисникот на платежни услуги ќе му достави одговор на приговорот во писмена или електронска форма во рок од 15 работни дена, сметано од денот на приемот на приговорот.

Доколку Банката не може да одговори во рокот поради причини кои се надвор од негова контрола ќе го извести Корисникот на платежни услуги за доцнењето на одговорот со јасно наведување на причините и за рокот до кој Корисникот на платежни услуги ќе го добие одговорот, а кој не може да биде подолг од 35 работни дена од денот на приемот на приговорот.

Корисникот на платежни услуги, кој поднел приговор и не е задоволен од добиениот одговор или пак не добил одговор во рамки на договорениот рок, може да поднесе поплака до Народна банка на Република Северна Македонија. Поплаката може да биде поднесена непосредно во архивата на Народната банка, по пошта со препорачана достава или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги. Поднесувањето поплака не го исклучува или ограничува правото на Корисникот на платежни услуги, да поведе судски спор со Банката, заради заштита на своите интереси. Во врска со можноста за решавање на споровите меѓу договорните страни кои произлегуваат од Рамковниот договор во вонсудска постапка, Банката и Корисникот на услуги се обврзуваат да постапуваат согласно релевантните важечки прописи и подзаконските акти.

За сите спорови надлежен е стварно надлежниот суд во Скопје.